Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-3168/5 од 12.06.2014 година, на 35-та седница одржана на 12.06.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Да се формира Комисија која ќе изврши издвојување и уништување на документарниот материјал, со изминат рок од Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Како членови на Комисијата се именуваат:
   - Цветанка Митревска, Раководител на Сектор за правни работи - претседател на Комисијата, со заменик Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Агенцијата;
   - Татјана Куневска, Референт за архивско и канцелариско работење – член, со заменик Маре Тарчуговска, Референт за архивско и канцелариско работење, и
   - Ружица Бошнакоска - Јотевска, Виш соработник, во Секретаријатот – член, со заменик Билјана Бошњаковски, Виш соработник во Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското и сродните права.

3. Комисијата својата работа ќе ја заврши најдоцна до 31.12.2014 година.

4. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на член 152 ставови 4, 5 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14), а во согласност со Заклучокот на Агенцијата бр.02-3168/5 од 12.06.2014 година, на 35-та седница одржана на 12.06.2014 година, донесе одлука да се формира Комисија која ќе изврши издвојување и уништување на документарниот материјал, со изминат рок од Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Како членови на Комисијата се именуваат: Цветанка Митревска, Раководител на Сектор за правни работи - претседател на Комисијата, со заменик Огнен Неделковски, Раководител на Секретаријатот на Агенцијата;Татјана Куневска, Референт за архивско и канцелариско работење – член, со заменик Маре Тарчуговска, Референт за архивско и канцелариско работење, и Ружица Бошнакоска - Јотевска, Виш соработник, во Секретаријатот – член, со заменик Билјана Бошњаковски, Виш соработник во Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското и сродните права. Комисијата својата работа ќе ја заврши најдоцна до 31.12.2014 година. Врз основа на сето погоре наведено, Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-3204/1

12-06. **2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Секторот за економско - финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.